И З В Р Ш И Т Е Л
Николина Иванова
именуван за подрачјето
на Основниот суд
Битола и Ресен
Бул. 1ви Мај 96-1/1
тел. 047/231-830;
izvrsitelivanova@gmail.com

Образец бр.66

И.бр. 357/2026

Извршителот Николина Иванова од Битола, Бул. 1ви Мај 96-1/1 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот (предлагач) Стојчевска Магдалена од Битола со живеалиште на ул.„Превалец“ број 6 преку полномошник Адвокат Владимир Гиковски, засновано на извршната исправа Решение ВПП1-59/23 од 01.02.2024 година на Основниот суд Битола, против должникот (противникот) АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје од Скопје со ЕДБ 4080011521612, за спроведување на извршување на ден 02.06.2026 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

**ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ**

| Број на катастарска парцела | | Број на зграда/ друг објект | Имотен лист | Викано место/улица | План | Скица | Катастарска | | | Површина во м² | Право на недвижност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| основен | дел | | | | | | култура | | класа | | |
| 8430 | 2 | 2 | 95396 | СКОПСКА | | 0 | гз | зпз | 0 | 52.79 | сосопственост |
| 8430 | 2 | 1 | 95396 | СКОПСКА | | 0 | гз | зпз | 0 | 51.11 | сосопственост |
| | | | | | | | | | Вкупно: | 103.90 | |

**ЛИСТ В: ПОДАТОЦИ ЗА ЗГРАДИ, ПОСЕБНИ ДЕЛОВИ ОД ЗГРАДИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ**

| Број на катастарска парцела | | Имотен лист | Адреса (улица и куќен број на зграда) | Број на зграда/друг објект | Нам. на згр. и други об. | Влез/Кат/Број на посебен/заеднички дел од зграда | | | Собност | материјал на градба/година на градба | Намена на посебен/ заеднички дел од | Внатрешна површина во м2 | Отворена површина во м2 | Волумен во м3 | Основ на градба | Право на недвижност | Шифра и тип на прибелешки и товари |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| основен | дел | | | | | Влез | Кат | Број | | | | | | | | | |
| 8430 | 2 | 95396 | СКОПСКА 19 | 2 | Б1-1 | 1 | ПР | - | 0 | 0/0 | ДП | 43 | | | 1 | сосопственост | |
| 8430 | 2 | 95396 | СКОПСКА 19 | 1 | Б1-1 | 1 | К 1 | - | 0 | 0/0 | ДП | 48 | | | 1 | сосопственост | |
| 8430 | 2 | 95396 | СКОПСКА 19 | 1 | Б1-1 | 1 | К 1 | - | 0 | 0/0 | ХС | 3 | | | 1 | сосопственост | |
| 8430 | 2 | 95396 | СКОПСКА 19 | 1 | Б1-1 | 1 | ПР | - | 0 | 0/0 | ХС | 3 | | | 1 | сосопственост | |
| 8430 | 2 | 95396 | СКОПСКА 19 | 1 | Б1-1 | 1 | ПР | - | 0 | 0/0 | ДП | 44 | | | 1 | сосопственост | |
| 8430 | 2 | 95396 | СКОПСКА 19 | 1 | Б1-1 | 1 | ПО | - | 0 | 0/0 | ДП | 45 | | | 1 | сосопственост | |

Запишана во имотен лист број 95396, за катастарска Општина Битола 4, сосопственост на Магдалена Стојчевска во дел од 60/99 и дел од 39/99 на должникот (противникот) АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

Продажбата ќе се одржи на ден 22.06.2026 година година во 10.00 часот во просториите на извршителот на ул. Булевар 1- ви Мај бр.96-1/1 во Битола.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со Заклучок за утврдување на вредност на недвижност И.бр.357/26 од 08.04.2026 година на извршителот, изнесува 11.243.369,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста не е оптоварена. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно, најдоцна до 19.06.2026 година положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 500000000615977 која се води во Алта банка АД Битола.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македнија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Николина Иванова

Д.-на: доверител
должник
Општина Битола- Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци

X ____________________________

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд Битола согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.